


Universiteti Shtetëror i Tetovës

Fakulteti Filozofik

Adresa:
Rruga e Ilindenit pn, 1200 Tetovë, Republika e Maqedonisë
Tel: +389 44 356 500
Fax: +389 44 334 222
e-mail: konferenca1.filozofik@unite.edu.mk
e-mail: international@unite.edu.mk

***Konferenca shkencore ndërkombëtare***
***International scientific conference***
***Меѓународна научна конференција***

***"Problemet socio-kulturore dhe sfidat e bashkëkohësisë"***
***"Socio-cultural issues and challenges of contemporaneity"***
***„Социо-културни проблеми и предизвиците на современоста„***

Gjuhët e Konferencës: Anglisht, Shqip, Maqedonisht

Prezentimi i Referateve: 10 min.

Këshilli organizativ:

Prof. dr. Vullnet Ameti
Prof. dr. Fehari Ramadani
Prof. dr. Fadbi Osmani
Prof. dr. Qani Nesimi
Doc. dr. Zeqirija Rexhepi
Doc. dr. Buniamin Memedi
Doc. dr. Abdylnaser Sinani
Doc. dr. Musa Musai
Dr. sc. Adnan Ismaili
Mr.sc. Kushtrim Ahmeti

Tetovë, 2013

State University of Tetova

Faculty of Philosophy

Address:

Ilinden Street, nn, 1200 Tetovo, Republic of Macedonia
Tel: +389 44 356 500
Fax: +389 44 334 222
e-mail: konferenca1.filozofik@unite.edu.mk
e-mail: international@unite.edu.mk

Languages of the Conference: English, Albanian, Macedonian

Presentation of papers: 10 min.

Organizing board:

Prof. dr. Vullnet Ameti
Prof. dr. Fehari Ramadani
Prof. dr. Fadbi Osmani
Prof. dr. Qani Nesimi
Doc. dr. Zeqirija Rexhepi
Doc. dr. Buniamin Memedi
Doc. dr. Abdylnaser Sinani
Doc. dr. Musa Musai
Dr. sc. Adnan Ismaili
Mr. sc. Kushtrim Ahmeti

Tetovo, 2013

Државен Универзитет во Тетово

Филозофски Факултет

Адреса:

Ул. Илинденска бб 1200 Тетово Македонија

Tel: +389 44 356 500
Fax: +389 44 334 222
e-mail: konferenca1.filozofik@unite.edu.mk
e-mail: international@unite.edu.mk

Јазици на Конференцијата: Англиски, Албански, Македонски

Презентазија на рефератите: 10 мин.

Организациски совет:

Проф. др. Вулнет Амети
Проф. др. Фехари Рамадани
Проф. др. Фадби Османи
Проф. др. Ќани Несими
Доц. др. Зеќирија Реџепи
Доц. др. Буниамин Мемеди
Доц. др. Абдилнасер Синани
Доц. др. Муса Мусаи
Др. сц. Аднан Исмаили
Мр. сц. Куштрим Ахмети

Тетово, 2013

***E PREMTE, 18.10.2013***

***AMFITEATRI KRYESOR***

***11:00 HAPJA SOLEMNE***

-Fjalë rasti dhe hapja e konferencës, Prof. dr. Vullnet Ameti – rektor i USHT-së

-Fjalë përshëndetëse, Prof. dr. Fadbi Osmani – dekan i Fakultetit Filozofik

-Fjalë përshëndetëse, Doc. dr. Musa Musai - koordinator i konferencës

-Koktel i rastit

**Петок, *18.10.2013***

***ГЛАВЕН АМФИТЕАТЕР***

*11:00 Свечено отворање*

- Свечен говор и отворање на конференцијата, Проф. др. Вулнет Амети- ректор на ДУТ

- Поздравен говор, Проф.др. Фадби Османи-декан на Филозофски Факултет

- Поздравен говор, Доц. Др. Муса Мусаи – координатор на конференцијта

- Коктел

**Friday, 18.10.2013**

*THE MAIN AMPHITHEATER*

**11:00 Opening ceremony**

- Official speech and opening of the conference,
Prof. dr. Vullnet Ameti – rector of SUT
- Greeting speech, Prof. dr. Fadbi Osmani – dean of Faculty of Philosophy
-Greeting speech, Doc. dr. Musa Musai – coordinator of the Conference

-Coctail

- **SESIONI I PEDAGOGJISË:** ***Sfidat e edukimit dhe arsimit bashkëkohor***;

| **PEDAGOGJI-ПЕДАГОГИЈА-PEDAGOGY** |
|---|
| **Sesioni i parë - Прва сесија - First session** |
| **Vendi: Salla 341** |

E premte – Петок – Friday / 18.10.2013
Udhëheqës sesioni-Chair person-Водител на сесија
Prof. dr. Fadbi Osmani, Prof. dr. Kiril Barbarev

**14:00- Prof. dr. Xheladin Murati**
"Proceset e globalizimit në arsim dhe reflektimi në formimin e vlerave", profesor nderi

**14:10- Doc. dr. Lulzime Kadriu - USHT**
"Komunikimi ndermjet arsimtarit dhe nxënësit faktor i rëndësishëm në realizimin e punës edukative"

14:20- **Dr. Snezhana J. Mitkovska, Dr. Biljana Popeska-УГДШ**
"Интеграциско – корелациска поврзаност на содржините од наставните предмети по физичко и здравствено образование и запознавање на околината во одделенската настава"

**14:30-Doc. dr. Aida Kurani - Univ. Aleksandër Moisiu**

"Çështje të trajtimit të fjalisë së varur rrjedhimore dhe klasifikimi i tyre në këto klasifikime"

**14:40-Prof. dr. Snezana Mirascieva, Prof. dr. Vlado** Petrovski, Prof. dr. Emilija P. Gjorgjeva - УГДШ
"Предизвиците на современото воспитание и образование во контекст на самооценувањето на учениците како социо-културен проблем"

**14:50- Doc. dr. Rabije Murati – USHT**
"Demokratizimi i shkollës"

**15:00- Doc. dr. Buniamin Memedi – USHT**
"Identifikimi dhe trajtimi i nxënësve me vështirësi në të mësuar"

**15:10- Prof. dr. Vlado Petrovski, Prof. dr. Snezana Mirascieva, Prof. dr. Emilija P. Gjorgjeva**
"Мултикултурните општества и етничко-културната дистанца"

**15:20- Doc. dr. Ardita Ceka - USHT**
"Normat, rregullat dhe transformimi i familjes"

15:30–16:00 Diskutim

16:00-16:30 Kafe pauzë

| **Sesioni i dytë – Втора сесија – Second session** |
| --- |
| **Vendi: Salla 341** |

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија
Prof. dr.Aida Kurani, Doc. dr. Bunjamin Memedi, Prof. dr. Snezhana Miraşçieva

16:30- **Prof. dr. Fadbi Osmani, Doc. dr. Svetlana Grncarovska – USHT / SUT**
"Mundësitë e komunikimit cilësor në funksion të procesit mësimor-bashkëkohorë"

**16:40-Dr. Aida Koci – UEJL / SEEU**
"The rise of the online university in the USA: critical analysis-accessibility and affordability"

**16:40- Prof. dr. Emilija Petrova, Prof. dr. Vlado**

**Petrovski, Prof. dr. Snezana Mirascieva - UGDSH**

**“Менанџирање на училишта во мултиетничка средина”**

**16:50- Doc. dr. Fatmir Sulejmani - USHT**

“A është i mundur procesi i reformimit të arsimit fillor dhe të mesëm në R. e Maqedonisë?”

**17:00- Dr. Dance Sivakova, Biljana Gramatkovski-USKO**

“Информатичко-комуникациската технологија во наставата по математика”

**17:10- Mr.sc. Bisera Kostadinovska – USKO**

“The new social media influence on english lexical inventiveness”

**17:10- Mr.sc. Daniela Koceva, Prof. dr. Snezana Mirascieva, Prof. dr. Vlado Petrovski - UGDSH**

“Воспитувањето на учениците во контекст на работната култура , социо-културен проблем и предизвик на современото воспитание и образование”

**17:20- Dr. Biljana Popeska - UGDSH**

“Воспитувањето на учениците во контекст на работната култура , социо-културен проблем и предизвик на современото воспитание и образование”

**17:30- Doc. dr. Naser Ramadani - FSHI**

“Arsimi bashkëkohor dhe nevoja për inkorporimin e mësimit fetar në shkollat publike“

**17:40- Prof. dr. Sonja Petrovska - UGDSH**

“Вреднување на работата на наставниците - предуслов за унапредување на квалитетот на училишното образование”

**17:50- Doc.dr.Agim Sallmani, Mr.sc.Afërdita I. Hoxha - USHT**

“Sjelljet devijante dhe kontrolli shoqëror”

**18:00- Doc. dr. Svetlana Grncarovska, Prof. dr. Fadbi Osmani – USHT**

“Подготовката на активни граѓани способни да се грижат за личниот и професионален развој-

главен предизвик на македонскиот образовен систем”

**18:10- Mr.sc. Drita Kadriu**

“Zhvillimi i qëndrueshëm dhe arsimi – Kosova, rast studimor”

18:30-19:00-Diskutim

19:00 *Darka solemne - Свечена вечер - Dinner; Restoranti Arra*

**<u>E shtunë - Сабота - Saturday/ 19.10.2013</u>**

| Sesioni i tretë - Трета сесија - Third session |
| --- |
| Vendi: Salla 341 |

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија

Doc. dr. Lulzime Kadriu, Prof. dr. Aida Koci, Prof. dr. Daniela Koceva

**09:00- Mr.sc. Lulzim Memedi - USHT**

“Institucionalizimi i ndryshimeve dhe rëndësia e tij në bashkëkohësimin e shkollave”

**09:10-Mr.sc. Anita Zenuni, Mr.sc. Shemsedin Vehapi - AAB**

“Efekti i planifikimit, menaxhimit të mësuarit dhe i Këmbënguljes ne arritjet shkollore të nxënësve”

**09:20- Mr. sc. Sevdije M. Sadiku & Mr. sc. Fadil Sadiku**

“Planifikimi i procesit mësimor me anë të Mësimit Elektronik”

**09:30- Irena Kitanova - UGDSH**

“Understanding of what is read and communicating with a text in class teaching“

**09:40- Adriana Duka - UT**

"Mungesa e tregimit bashkëkohor në tekstet e letërsisë në arsimin e mesëm në Shqipëri"

**09:50- Mr. sc. Jehona Ferizi & Prof. dr. Hasan Jashari- UEJL**

"Qëndrimet e mësimdhënësve kosovarë për reformën shkollore"

**10:00- Mr. sc. Besa Havziu & Dr. sc. Ardita Ceka - USHT**

"Shfrytëzimi i kohës së lirë nga ana e adoleshentëve si sfidë e integrimit të tyre në jetën sociale"

**10:10- Dr. sc. Hatixhe Ismajli & Mr. sc. Metë Krasniqi**

"Efikasiteti i punës në grupe në lëndën e gjuhës shqipe"

**10:20- Veldeta Z. Idrizi, Afërdita I. Hoxha & Valentina Pajaziti – USHT**

"Vlerësimi formative dhe ndikimi i informatës kthyese në suksesin dhe të arriturat e nxënësve"

**10: 30- Mr.sc. Sefedin Rahimi - UP**

"Vështrim historik i arsimit të lartë në Kosovë dhe përspektiva në shekullin XXI"

10:30- 11:00 Diskutim

11:00- 11:30 Kafe pauzë

| **Sesioni i katërt – Четврта сесија – Fourth session** |
|---|
| **Vendi: Salla 341** |

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија

Doc. dr. Rabije Murati, Prof. dr. Hasan Jashari & Doc. dr. Adriana Duka

**11:30- Mr.sc. Klodiana Kullolli**

"Sfidat e edukimit dhe arsimit bashkëkohor – rasti shqipëri"

**11:40- Mr.sc. Irma S. Bilalli**

"Shkolla letërsia dhe qytetarët e së ardhmes"

**11:50- Mr.sc. Zamira Gjeleshi dhe Atleva Gjeleshi**

"Dhuna fizike dhe psikologjike në shkollat e mesme , trajtimi pedagogjik i tyre"

**12:00- Mr.sc. Ilir Ramadani – UET**

"Praktika të edukimit muzikor – pedagogjik në Kosovë"

**12:10- Mr.sc. Sermijete Xhaferi, Doc. dr. Ibish Kadriu-**
**USHT**

"Karakteristika dhe analiza e arsimit fillor në
komunën e Tetovës – Sfidë e koncepcionit nëntëvjeçar"

**12:20- Mr.sc. Adelina Haskaj**

"Sfidat e inkluzionit të fëmijëve me nevoja të veçanta arsimore në arsimin e
rregullt"

**12:30- Mr.sc. Shefqet Mulliqi**

"Zgjidhja e problematikave të integrimit të
nxënësve me nevoja të veçanta në Kosovë"

**12:40- Mr.sc. Afërdita I. Hoxha, Agim Sallmani, Valdeta**
**Z.Idrizi – USHT**

"Komunikimi dhe përgjegjësitë e arsimtarit në raport me nxënësit"

**12:50- Mr.sc. Bajram Selmani - USHT**

"Kurikulumi sinonim i planit dhe programit
mësimorë"

**13:00- Mr.sc. Arbona Xhemajli**

"Metoda e dialogut dhe format e saj"

**13:10- Mr.sc. Merita Sejdini**

"Gjuha Shqipe si lëndë zgjedhore dhe sfidat e saj ne arsimin bashkëkohor"

**13:20- Mr.sc. Igballe Miftari - USHT**

"Mënyrat e të mësuarit të nxënësve dhe strategjitë-
një faktor kyç në mësimdhënie produktive në kohën bashkëkohore"

**13:30- Mr.sc. Teuta R. Rasimi**

"Statusi i personave me dëmtim në ndëgjim dhe të
shurdhër në Republikën e Maqedonisë në aspektin shëndetsor, arsimor, social dhe
inkluziv"

**13:40- Mr.sc. Adelina Hajrullahu - UP**

"Procesi i regjistrimit të fëmijëve në klasën e parë"

**13:50- Mr.sc. Merita Zejnullahu – Fak. Eduk. Gjilan**

"Shkolla dhe familja në funksion të efikasitetit të
mësimit"

13:50 –14:00 Diskutimi përfundimtarë

| 14:00 Ndarja e certifikatave - Доделување на сертификати - Awarding certificates |
|---|
| *AMFITEATRI KRYESOR - ГЛАВЕН АМФИТЕАТЕР - THE MAIN AMPHITHEATER* |

- **SESIONI I PSIKOLOGJISË:** ***Psikologjia, pararojë e ekuilibrit mes reales e ideales në jetën e individit në bashkëkohësi;***

| PSIKOLOGJI-ПСИХОЛОГИЈА-PSYCHOLOGY |
|---|
| **Sesioni i parë - Прва сесија - First session** |
| **Vendi: Salla 445** |

E premte – Петок – Friday / 18.10.2013

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија
Prof. dr. Myqereme Rusi, Doc. dr. Arafat Shabani

**14:00- Prof. dr. Gordana Stankovska, Myqereme Rusi, Hana Saliu - USHT**
"Селф-идентитетот како проблем на модерниот живот"

**14:10- Eris Dhamo - UT**
"Sfida e kujdesit afatgjate për të moshuarit. Evidentimi ofrimit të kujdesit të integruar"

**14:20- Doc. dr. Lulzim Murtezani - USHT**
"Premisat psikologjike të ri konceptimit kulturologjik brenda individit: pretendime realiste apo futuriste"

**14:30- Mr.sc. Sheruze O. Ballazhi – USHT**
"Adoleshentët, dieta, përkrahja e bashkëmoshatarëve dhe kënaqësia nga jeta"

**14:40- Naim Fanaj & Mr.sc.sc. Fitore Azemi - AAB**
"Qëndrimet personale dhe publike ndaj kërkimit të ndihmës për trajtimin e problemeve mendore"

**14:50- Doc. dr. Musa Musai & Mr.sc. Muhamed Jonuzi – USHT**
"Personat me nevoja të veçanta mes mundësive ligjore dhe vështirësive reale; qasje psiko-sociale"

**15:00- Mr.sc. Ibrahim Neziri – USHT**
"Klima sociale në mjedisin e punës dhe zotimi i punëtorëve ndaj organizatës"

**15:10- Mr.sc. Bujar Gallopeni, Mr.sc. Fatmire Mustafa, Mr.sc. Fitim Uka, Ganimete Salihu, Mentore Bardheci dhe Shkurte Lushaj - UHZP**
"Roli i mjedisit psiko-social dhe ekonomik në zhvillimin e shkathtësive të hershme gjuhësore"

15:30–16:00 Diskutim

16:00-16:30 Kafe pauzë

| **Sesioni i dytë – Втора сесија – Second session** |
| --- |
| **Vendi: Salla 445** |

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија
Doc. dr. Hana Saliu, Mr. sc. Naim Fanaj, Mr. sc. Eris Dhamo

**16:30- Prof. dr. Myqereme Rusi, Prof. dr. Gordana Stankovska, Doc. dr. Hana Saliu**
"Rëndësia sociale e grupit dhe ndikimi i tij në formësimin psiko-social të individit"

**16:40- Doc. dr. Arafat Shabani**
"Lidhshmëria me grupin dhe ndikimet sociale si faktor për formimin e qëndrimeve etnike"

**16:50- Mr.sc. Fitore Bajrami**
"The Effects of Psychology managing difficulties"

**17:00- Mr.sc. Ibrahim Neziri, Mr.sc. Sheruze Osmani, Mr.sc. Fitore Bajrami, Mr. sc. Kushtrim Ahmeti**
"A janë studentët të suksesshëm edhe në studime ashtu si në shkollë të mesme?"

**17:10- Mr.sc. Zebide Ibrahimi & Prof. dr. Gordana Stankovska - USHT**

"Roli i perfeksionizmit neurotik tek adoleshentet e talentuar"

**17:20- Mr.sc. Sara Sadiki, Prof. dr. Myqereme Rusi & Prof. dr. Gordana Stankovska - USHT**

"Anksioziteti - shoqërues i personalitetit me neurozë në shoqërinë moderne"

**17:30- Valbonë Ramaj**

"Orientimi profesional i adoleshentëve si dhe këshillimi i tyre"

18:30-19:00-Diskutim

19:00 ***Darka solemne – Свечена вечер – Dinner;***

***Restoranti Arra***

E shtunë – Сабота – Saturday/ 19.10.2013

- **SESIONI I HISTORISË:** ***Zhvillimet shoqërore politike te shqiptarët dhe perspektivat në shek. XXI";***

| HISTORI-ИСТОРИЈА-HISTORY |
| --- |
| **Sesioni i parë - Прва сесија - First session** |
| **Vendi: Salla 445** |

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија
Prof. dr. Qerim Dalipi, Dr. Majlida Belegu, Doc. dr. Shener Bilalli

**09:00- Prof. dr. Fejzullah Shabani - USHT**
"Diplomacia shqiptare pjesë e pandarë e zhvillimeve politike dhe shoqërore"

**09:10- Prof. dr. Fatmire Lumani - USHT**
"Zhvillimet shoqërore politike te shqiptarët dhe perspektivat në shek. XXI"

**09:20- Prof. dr. Qerim Dalipi - USHT**
"Viset e sotme të Maqedonisë perendimore në sytë e udhëpërshkruesve të huaj (1878-1900)"

**09:30- Doc. dr. Zeqirja Rexhepi - USHT**
"Konflikti shqiptaro-maqedonas i vitit 2001 –
vlerësimet shqiptare, maqedonase dhe ato ndërkombëtare"

**09:40- Doc. dr. Shener Bilalli – Balkan University**
"Shqiptarët dhe Përdorimi Përvojës Historike
Gjatë Procesit të Integrimit në BE"

**09:50- Mr.sc. Veli Kryeziu - UP**
"Historia dhe kontinuiteti i kulturës shqiptare përballë kulturës slave"

**10:00- Mr.sc. Enis Kelmendi & Mr.sc. Pajazit Hajzeri**
"Identiteti i pathyeshëm kombëtar i shqiptarëve të Maqedonisë"

**10:10- Dr. Bashkim Rahmani & Dr. Majlida Belegu – Univ. Haxhi Zeka, Kosovë**
"Kosova rast sui generis në kontekst të krijimit të

shtetit edhe në kontekst të integrimeve kombëtare"

**10:20- Mr.sc. Kire Filov**
"Македонските албанци – некогаш, денес, утре"

**10:30- Mr.sc. Selver Xhemaili**
"Bashkëjetesa në shoqërinë multinacionale osmane
model për ndërtimin e marrëdhënieve ndëretnike
dhe ndërfetare në Republikën e Maqedonisë"

**10:40- Dr. Minir Ademi**
"Zhvillimet e ngjarjeve të vitit 2001 dhe shqiptarët e Maqedonisë"

10:50- 11:00 Diskutim

11:00- 11:30 Kafe pauzë

E shtunë – Сабота – Saturday/ 19.10.2013

**SESIONI I FILOLOGJISË ORIENTALE:** ***Rëndësia dhe aktualiteti i studimeve orientale në bashkëkohësi;***

| FILOLOGJI ORIENTALE-ОРИЕНТЛАНА ФИЛОЛОГИЈА-ORIENTAL PHILOLOGY |
| --- |
| **Sesioni i parë - Прва сесија - First session** |
| **Vendi: Salla 445** |

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија
**Doc. dr. Lindita Xhanari, Dr. Spartak Kadiu, Nexhat Ibrahimi**

**11:00- Prof. dr. Mehdi Polisi - UP**
"Interesimi i evropianëve për Botën Orientale - Islame sipas Sami Frashërit"

**11:10- Prof. dr. Isa Memishi - UP**
"Orientologjia në shërbim të afirmimit të Orientit"

**11:20- Prof. dr. Metin Izeti - USHT**
"Orientologjia dhe sfidat e krijimit të terminologjisë islame në gjuhën shqipe"

**11:30- Dr. sc. Adnan Ismaili - USHT**
"Orientalizmat e gjuhës shqipe me etimologji arabe"

**11:40- Dr. sc. Abdullah Rexhepi**
"Orientalistika dhe Letërsia Krahasimtare"

**11:50- Dr. sc. Zeqirja Ibraimi – Inst. Trash. Kult. Shqipt.**
"Transkriptimet dhe redaktimet e mevludeve në gjuhën shqipe"

**12:00- Dr. sc. Xhemile Abdiu**
"Letërsia orientale në këndvështrimin e sotëm të studimeve të letërsisë shqipe në hapësirën mbarë shqiptare"

**12:10- Mr.sc. Alma Dema**
"Antropologjia racionale dhe laboratori filologjik i Said (në Orientalizmi) në truallin etnologjik shqiptar"

**12:20- Doc. dr. Turan Celebi – Ege University, Turkey**
"Avantgarde literary theory and genç kalemler movement"

12:30- 13:00- Diskutimi

| **Sesioni i dytë – Втора сесија – Second session** |
|---|
| **Vendi: Salla 445** |

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија
**Prof. dr. Metin Izeti, Prof. dr. Mehdi Polisi, Prof. dr. Isa Memishi**

**13:00- Doc. dr. Lindita Xhanari - UT**
"Studimet shqiptare në fushë të orientalistikës. Arritje dhe domosdoshmëri"

**13:10- Dr. sc. Spartak Kadiu**
"Rëndësia e përkthimit të veprave të studimeve orientale"

**13:20- Nexhat Ibrahimi**
*"Kontributi i orientalistikës në ndriçimin e trashëgimisë muslimane"*

**13:30- Mr.sc. Kushtrim Shehu – Istanbul University**

"Perceptimi Orientalist i Shqiptarizmës"
(Vendi i orientalizmit dhe nacionalizmit në distancimin dhe selektimin kulturor të shoqërisë shqiptare)

**13:40- Mr.sc. Jahja Hondozi - UP**
"Sheh Hilmi Maliqi – një krijues i frytshëm i letërsisë së bejtexhinjve"

**13:50- Mr.sc. Ziber Lata - USHT**
"Një pasqyrim i qëndrimeve ndaj orientalizme në gjuhën shqipe"

13:50-14:00 Diskutimi përfundimtarë

| 14:00 Ndarja e certifikatave – Доделување на сертификати – Awarding certificates |
|---|
| *AMFITEATRI KRYESOR - ГЛАВЕН АМФИТЕАТЕР - THE MAIN AMPHITHEATER* |

- **SESIONI I FILOZOFISË:** ***Koncepti post-modern i dijes***;

| FILOZOFI-ФИЛОЗОФИЈА-PHILOSOPHY |
|---|
| **Sesioni i parë - Прва сесија - First session** |
| **Vendi: Salla 528** |

E premte – Петок – Friday / 18.10.2013

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија
**Prof. dr. Galip Veliu, Dr. Mandeta Minxhozi, Ian McLeod**

**14:00- Prof. dr. Avni Presheva - UP**
"Të menduarit tradiciolnal dhe të menduarit aktiv e kreativ"

**14:10- Prof. dr. Galip Veliu - USHT**
"Postmodernity and the Balkan mind" (An epistemic perspective)

**14:20- Dr. Mandeta Minxhozi - UT**
"Dija filozofike dhe edukimi i qytetarisë"

**14:30- Mr. sc. Valentina Pajaziti, Mr. sc. Mensur Pajaziti & Valdeta Z. Pajaziti - USHT**
"Filozofia e instalacionit në artin bashkëkohor"

**14:40- Mr. sc. Jak Simoni - Stat. Univ. Aleksandër Moisiu**
"The impact of Polish Logic School into the contemporaneous developments of this science"

**14:50- Ian McLeod - Professor of English and Director of the Centre for Research and Innovation**

"The abundance of micro-narratives and the limits of our conceptuality: putting post-modern epistemology to work in the 'modern' University lecture-room"

**15:00- Doc. dr. Muhamed Ali & Mr. sc. Islam Islami - FSHI**

"Koncepti i njohjes ndërmjet filozofëve postmodern dhe mistikëve islam"

**15:10- Mr.sc. Merlina Pograzha-Stat. Univ. Aleksand. Moisiu**

"David Hume, koncepti i njohjes dhe postmodernizmi"

**15:20- Mr. sc. Arber Talelli**

"Metafizika dhe dija shkencore tek Henri Bergson"

**15:30- Mr. sc. Risvan Tërshalla- Stat. Univ. Aleksand. Moisiu**

"The individualism's concept into postmodern context"

**15:40- Mr. sc. Kushtrim Ahmeti – USHT**

"Analitika postmoderne e Micheal Foucolt: raporti midis dijes dhe fuqisë-arkeologjia dhe gjenealogjia"

16:00–16:30 Diskutim

16:30-17:0 Kafe pauzë

- **SESIONI I SOCIOLOGJISË:** ***Globalizimi dhe proceset shoqërore***;

| SOCIOLOGJI-СОЦИОЛОГИЈА-SOCIOLOGY |
|---|
| **Sesioni i parë – Прва сесија – First session** |
| **Vendi: Salla 528** |

E premte – Петок – Friday / 18.10.2013

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија
**Prof. dr. Sunaj Raimi, Prof. dr. Ali Pajaziti, Doc. dr. Bejtullah Demiri**

**16:30- Prof. dr. Flora Sela – USHT**
"Margjinalizimi i femrës në procesin e globalizimit"

**16:40- Doc. dr. Strashko Stojanovski, Doc. dr. Suzana Xh. Zdravkovska – UGDSH**
"Младите и иднината: Мотиви за избор на образованието и потенцијалните можности за работа"

**16:50- Prof. dr. Qani Nesimi - USHT**
"Procesi i globalizimit dhe identiteti religjioz i shqiptarëve"

**17:00- Doc. dr. Abdylnaser Sinani - USHT**
"Përdorimi i teknologjive të reja: sociologjia në internet"

**17:10- Doc. dr. Bilall Kasami – Balkan University**
"Facing the Challenges of Globalization: an Economic View"

**17:20- Mr. sc. Juliana Zaharia - UT**
"Giving youth a voice: social work practices within participative intervention strategies and risk assessment"

**17:30- Doc. dr. Ibish Kadriu – USHT**
"Globalizimi dhe kriza ekologjike"

**17:40- Mr. sc. Faton Shabani- USHT**
"Vështrim mbi të drejtat e njeriut dhe globalizimin"

**17:50- Mr. sc. Ardita Abduli - USHT**
"Mjedisi shkollor, adoleshentët dhe problemet e

bashkëkohësisë në hapësirat shqiptare të Maqedonisë”

18:30-19:00-Diskutim

19:00 ***Darka solemne - Свечена вечер - Dinner***;

***Restoranti Arra***

E shtunë – Сабота – Saturday/ 19.10.2013

| **SOCIOLOGJI-СОЦИОЛОГИЈА-SOCIOLOGY** |
| --- |
| **Sesioni i dytë - Втора сесија - Second session** |
| **Vendi: Salla 528** |

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија
**Doc. dr. Abdilnaser Sinani, Doc. dr. Strashko Stojanovski, Mr. sc. Juliana Zaharia**

**09:30- Prof. dr. Ali Pajaziti & Mr.sc. Muhamed Jashari – UEJL**
"Getoizimi dhe suburbanizmi në epokën e globalizimit: Rasti i Gazi Babës"

**09:40- Prof. dr. Sunaj Raimi - USHT**
"Një filozofemë sociokulturore mbi kategoritë 'mot' dhe 'kohë'"

**09:50- Doc. dr. Bejtullah Demiri – Balkan University**
"Etiologjia dhe dimensionet e islamit politik si fenomen i globalizmit"

**10:00- Mr. sc. Albert Hani**
"Globalizimi dhe rëndësia e mësimit ndërkulturor
në rrethana etnocentrike"

**10:10- Mr. sc. Sadik Emroja – USHT**
"Globalizimi dhe proceset shoqërore"

**10:20- Mr. sc. Fatmir Qollakaj – AAB University**
"Globalizimi dhe kërcnimet transnacionale"

**10:30- Mr. sc. Besim Gallopeni – Inst. Planif. Hapësin.**
"Zhvillimet socio-urbane në Kosovë në periudhën transitive" (pas 1999 - ës)

10:30- 11:00 Diskutim

11:00- 11:30 Kafe pauzë

| SOCIOLOGJI-СОЦИОЛОГИЈА-SOCIOLOGY |
|---|
| **Sesioni i tretë - Трета сесија – Third session** |
| **Vendi: Salla 528** |

Udhëheqës sesioni-Chairperson-Водител на сесија
**Doc. dr. Ibish Kadriu, Doc. dr. Bilall Kasami**

**11:30- Mr. sc. Mevludin Ibish – Balkan University**
"Globalization and its impact on small societies"

**11:40- Mr. sc. Drita Mehmedi – USHT**
"Impakti i globalizimit te të varfrit"

**11:50- Mr. sc. Hatibe Deari – USHT**
"Mobbing-Emotional abuse at the workplace"

12:00- **Mr. sc. Alket Dino**
"Social identities, globalization, and the cultural politics of tourism"

**12:10- Nexhat Buzuku**
"Globalizmi, interneti dhe të rinjtë në Republikën e Kosovës"

**12:20- Mr. sc. Aidana Gjermeni**
"Problemet social-kulturore dhe sfidat e bashkëkohësisë"

12: 30-13:00 Diskutim përfundimtar

| |
|---|
| 14:00 Ndarja e certifikatave – Доделување на сертификати – Awarding certificates |
| ***AMFITEATRI KRYESOR - ГЛАВЕН АМФИТЕАТЕР - THE MAIN AMPHITHEATER*** |

Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип

Сузана Џамтовска Здравковска, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип

# Младите и иднината: Мотиви за избор на образованието и потенцијалните можности за работа

**Апстракт**

*Последните децении во Република Македонија се јавува тенденција на мобилност на младите категории на населението во насока на мигрирање во два правци: Од помалите градови на државата кон главниот град Скопје и миграција надвор од државата. Ова можеби е и главниот проблем кој предизвикува демографска депопулација и нерамномерен регионален развој.*
*Во рамките на спроведеното истражување на Правниот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, опфатени се средношколци и студенти од централниот и источниот дел на Р. Македонија (Вклучени се испитаници студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип и испитаници средношколци од средните училишта во Штип и Велес). Анкетите се реализирани со помош на студентите, во рамките на активностите за вежби по предметот Социологија на правото, во пролетта 2013 година. Во анкетата се опфатени околу 300 испитаници. Притоа главните претпоставки од кои се тргнува е дека постои тенденција за мобилност на овие категории, која е детерминирана од карактерот на формалното образование и образовните политики, но и од визиите на младите во однос за тоа каде се гледаат во перспектива. Мотивите подеднакво зависат од матријално- економските потенцијали и регионалните политики, но и од културолошките карактеристики поврзани со глобализацијата и новите потреби и приоритети на иднината.*

**Клучни зборови:** демографија, образование, миграции, глобализација, млади.

**Вовед**

Во рамките на истражувањето спроведено помеѓу категоријата на средношколци и студенти, се има за цела да се утврдат основите на процесот на носење на одлуки на младите поврзани со нивното образование, перцепцијата за можноста за вработување, како и визијата за иднината, односно каде младите се гледаат себе си во иднина.

Последните тенденции на модерното и постмодерното општество, ги интегрираат дискурзивните форми на индивидуалната природа на перцепциите, кои заедно со индустријализацијата, урбанизацијата и глобализацијата, во последните триесет години ја создаваат комплексноста на демографските потенцијали и реалните можности адаптирани на визиите на младите. Доколку во доцните седумдесетти и осумдесеттите години, главната мобилност на населението беше детерминирана од образованието и професионалната ориентација во насока село-град, дотолку по крајот на деведесеттите години на дваесеттиот век, мобилноста се повеќе се одвива во два правци: од помалите градови кон главниот град (административно, образовно и економските центри) и иселување надвор од државата, најчесто во правец на Западно-европските држави, САД или Канада, каде повторно примарни се економските и образовните фактори. Ова не значи дека и во минатото не постоел ваков тип на мобилност на населението, но она што денес е карактеристика, а поради демографската депопулација, ова се повеќе значи загрозување на основните економски и егсистенцијални потенцијали на цели региони во Р. Македонија.

**Резултати од истражувањето**

Со првото прашање: *Кои се вашите мотиви за избор на образованието (факултет или средни училишта)?*, веднаш се утврдува тенденција на различна перцепција кај средношколците и студентите. Така 57 % од студентите тврдат дека личниот избор е главна детерминанта на нивното образование, за 29 % тоа се можностите за идно вработување, 8 % носат одлука врз основа на предиспозициите и талентот, 4 % врз основа на сугестиите на семејството, а само 2 % од испитаниците студенти тврдат дека основна детерминанта на нивниот избор се финансиските предиспозиции (график 1). Ваквите резултати зборуваат на повисок степен на автономност при носењето на одлуки, иако истата не секогаш се темели на рационалните претпоставки, втемелени на перцепцијата за идно вработување или предиспозициите или талентот. Иако сугестиите од семејството и финансиските можности имаат низок индекс во вкупната перцепција, токму истиот укажува дека дисперзијата на високото образование во помалите градови и регионални центри, го прави ваквиот фактор на влијание минимален во вкупните перцепции. Поточно преку ваквата перцепција можеме да утврдиме дека високото образование станува попристапно за семејствата со понизок буџет, бидејќи дисперзираноста на образованието значи намалување на издатоците поврзани со патување или обезбедување на претстој во местото на студирање.

Кај средношколците имаме поделеност во перцепциите на факторите на влијание при изборот на образование (график 2). За разлика од 57 % од испитаниците студенти кои тврдеа дека личниот избор го одредува нивното образование, процентот кај средношколците е речиси половичен, односно 32 %. Можноста за вработување е мотив за избор на образованието кај 30 % од средношколците, додека 24 % се однесуваат на предиспозициите или талентот. Сето ова укажува на помала автономност при изборот на образованието, што во согласност со возраста е за очекување. Но она што

изненадува е фактот дека рационалниот избор е повеќе застапен кај средношколците, отколку кај студентите. Исто така очигледна е разликата кај детерминирањето на факторот „финансиски можности“, кој е застапен дури кај 12 % од средношколците испитаници, што значи шест пати поголема вредност за разлика од онаа кај испитаниците студенти. На крајот само 2% од испитаниците средношколци тврдат дека пресудни во нивниот избор се влијанијата од семејството. Последното е очигледно изненадување.

График 1. Студенти



График 2. Средношколци




Се чини најзначајна е перцепцијата на младите за тоа каде се гледаат во иднина. На ова прашање пеа понудени три одговори: а. Во локалната средина од која што потекнувам, б. Во Скопје и в. Надвор од државата. За испитаниците кои ја избираат последната опција постои дополнително отворено прашање во кое треба да ја посочат земјата кој аја преферираат. Изненадувачки, дури 60 % од студентите иднината ја гледаат во локалната средина, Скопје е преферирано од 14 % од испитаниците студенти, при што очигледна е разликата кај различната полова структура. Соодносот момеѓу машкиот и женскиот пол во преференцијата на главниот град како место каде ја гледаат иднината е 2:1 во корист на женскиот пол. 26 % или ¼ од испитаниците студенти иднината ја гледаат надвор од државата (график 3).

Кај средношколците испитаници 18 % во иднина се гледаат себе си во локалната средина, при што преференцијата е 3:1 во корист на машкиот пол. 42 % од испитаниците средношколци иднината ја гледаат во Скопје, а 40 % својата иднина ја гледаат надвор од државата. Доколку се направи споредба помеѓу резултатите добиени од испитаниците студенти и средношколци, очигленна е разликата. Претпоставката е дека поради образовната непрофилираност, средношколците ја поврзуваат својата иднина со главниот град, додека насоченоста во рамките на високото образование, како и фактот дека истото е децентрализирано, ја менува оваа перцепција во корист на ликалната средина. Ова е охрабрувачки резултат, кој можеби во иднина ќе придонесе за намалување на миграцијата од помалите градови, кон главниот град на Р. Македонија. Исто така, очигледна е разликата во перцепцијата кај студентите и средношколците кои свијата иднина ја гледаат надвор од државата. Повторно, еден од

клучните фактори е децентрализацијата на високото образование, која овозможува да се создадат стручни профили, кои повеќе се поврзани со средината од која потекнуваат.

Интересни се одговорите на отворените прашања за тоа која е најпреферирана дестинација за миграција надвор од државата. На прво место, со најмногу преференци се САД, потоа следува Германија, а изненадувањето е Авганистан како трета најпреферирана дестинација. Сепак постои објаснување на ваквиот избор. Најпрвин само 1/3 од испитаниците кои избрале дека иднината ја гледаат „надвор од државата", впишале држава која би ја преферирале, додека 2/3 испитаници овој дел го немаат пополнето. Исто така, како што спомнавме претходно истражувањето има регионална димензија и не се однесува на целиот простор на Р. Македонија, бидејќи во истото се опфатени испитаници од источниот и централниот дел, при што се исклучени Скопје, западниот и јужниот дел на Р. Македонија. Од оние испитаници кои избрале омилена држава, сите студенти и средношколци кои се од Куманово и кумановско го имаат избрано Авганистан како пожелна дестинација, што се поклопува со егзистенцијалните потреби на регионот кои во моментов во најголем дел се задоволуваат со средствата на граѓаните кои работат во различни приватни и воени агенции во базите на НАТО во Авганистан. Покрај овие три дестинации, на анкетите исто така како држави во кои младите ја гледаат својата иднина се наведени и Велика Британија (Англија), Франција, Италија, Турција, Романија и Русија.

График 3. Студенти.



График 4. Средношколци.




Следните прашања се однесуваат се однесуваат на перцепцијата на студентите и средношколците при изборот на нивното евентуално вработување. На прашањето: *Дали очекувате дека веднаш по дипломирањето ќе најдете работа?*, 19 % од студентите одговориле со Да, 21 % не очекуваат веднаш да се вработат, 51% се умерени оптимисти и одговориле со Можеби, додека 11 % одговориле дека не размислувале на оваа тема. Оптимизмот кај средношколците е поголем и дури 30 % очекуваат веднаш да се вработат, 22 % одговориле негативно, 36 % се умерени оптимисти и 12 % не размислувале на ова прашање.

На следното прашање: *Дали додека студирате/учите би волонтирале, или би работеле нешто што не е во фокусот на вашето образование?*, дури 42 % од испитаниците студенти одговориле потврдно, 18 % одговориле негативно, со Можеби 29 % и 11 % се израсниле дека не размислувале на ова прашање. Кај испитаниците средношколци 36 % одговориле дека би работеле и надвор од нивната струка, само 2 % се изјасниле негативно, а дури 56 % одговориле дека можеби ќе работат нешто што е надвор од фокусот на нивното образование, а 6 % испитаници не размислувале на оваа тема.

Последните две прашања укажуваат дека во Р. Македонија постои флексибилна работна рака, кога се во прашање младите. Со ова се надминуваат стереотипите дека со евентуалното преголемо ниво на високообразовани кадри во државата ќе нема средно-стручни профили, кои во пракса се најпотребни на пазарот на трудот. Сепак доколку се погледнат резултатите воочливо е дека флексибилноста значително се зголемува кај профилите со високо образование, кои се многу поумерени во очекувањата и во голем процент подготвени да работат нешто што не е во фокусот на нивното високо образование.

Следното прашање се однесува на листа на професии, од кои студентите и средношколците треба да изберат која е најпреферабилна. Веднаш да спомeнеме дека поради нивната насоченост во образованието, како и поради фактот дека поголемиот број на испитаници студенти доаѓаат од корпусот општествени факултети, не може да се добие реална слика. Состојата е сосема поинаква кај испитаниците средношколци, кои според образовните профили (дури и да се во рамките на насочените, стручни средни училишта) се пофлексибилни во перцепцијата на нивната идна професија. Интересно, очигледно е дека одредени професии се попреферирани кај женскиот пол, додека други кај испитаниците од машки пол. Така очигледно омилени „женски“ професии се: судија, адвокат, менаџер или професор, додека типично „машки“ преферирани професии се инжинер, политичар и лекар (график 5).

Средношколци




Во рамките на последното прашање настојувавме да го утврдиме степенот на политизација во општеството, а виден од аспект на перцепцијата на младите во рамките на можностите за идно вработување. Ова е за очекување, а ваквата перцепција не се однесува ексклузивно на денешните политички состојби, туку е резултат пред се, на целиот процес на општествена трансформација по 1990-те, која придонесе за економско назадување, слабеење на реалниот сектор, а со тоа и економска зависност, а со тоа и очекувањата на граѓаните од Државата. Исто така овој тип на перцепции и очекувања на младите се типични за поголемиот број Источно-Европски држави, па дури и кај дел од кои економијата е на многупозавидно ниво. Така дури 41 % од студентите целосно се согласуваат, а 45 % делумно со претпоставката дека членството во политичка партија може да биде услов за вработување. Ваквата перцепција кај средношколците е нешто помала, 48 % целосно се согласни, а само 14 % делумно, при

што високи 24 % одговориле со не знам, а 12 % мислат дека политичката определба нема влијание. Перцепцијата за високата политизација во општеството е можеби и очекувана, но доколку ги погледнеме последните две прашања се воочува друг проблем. Соодносот на испитаниците од машки и женски пол при одговорот дека потполно се согласуваат дека членството во политичка партија е услов за вработување е речиси 2:1 во полза на испитаниците од машки пол (кај судентите 60% машки наспроти 30% женски и кај средношколците, 59% машки наспроти 34% женски). Доколку ова го споредиме со претходното прашање каде што Политичар воопшто не беше перципирана како идна професија на испитаниците од женски пол, а со тоа е доминантно префереирана од испитаниците од машкиот пол, може да се дојде до заклучок дека политиката, а со тоа и процесот на носење на одлуки, се уште остануваат доминирани од машкиот пол. Со други зборови кажано, политиката е недоволно инклузивна кон женскиот пол. Иако ова е поширок регионален, па дури и проблем кој има светски размери, можеби истото е еден од клучните фактори кои водат кон демографска депопулација и интензивна миграција. Силната патријархална основа на општеството, кој се судира со интензивната глобализација и либерална индивидуализација, го загрозува во прв ред семејството, а основниот столб на семејството е токму жената.

**Заклучок**

Според резултатите од истражувањето спроведено помеѓу студентите на Универитетот „Гоце Делчев“ во Штип и средношколци од Штип и Велес, може да се заклучи дека студентите се многупоавтономни кога се работи за прашања поврзани со изборот на студиите, но од друга страна средношколците покажуваат поголемо ниво на рационалност во изборот. Од резултатите добиени од испитаниците средношколци може да се заклучи дека тие предоминантно својата иднина ја гледаат во главниот град Скопје или надвор од државата, додека кај испитаниците студенти доминира локалната средина, како место во кое ја гледаат иднината. За последното очигледно придонесува децентрализацијата на високото образование, која ги менува перцепциите на младите, при што особено значајно е дека се намалува визијата за Скопје како место преферирано за градење на кариера и иднина воопшто. Исто така ова истражување ги разбива стереотипите дека високото образование значи помалку флексибилна работна рака. Имено, се докажува токму спротивното, кај испитаниците студенти, за разлика од средношколците, постои поголема флексибилност во насока на професионалната ориентација, а исто така постои и поголема умереност во оптимизмот дека мораат да најдат работа според профилот на нивното оразование. На крајот, покрај перцепциите за високиот степен на општествена политизираност, очигледно е дека политиката е доминирана од машкиот пол и е недоволно инкулзивна кон женскиот пол, што се рефлектира и на нивните перцепции.